РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
KËSHILLI I PROKURORËVE PUBLIK I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT

**СОЖ бр.2/20**
**Скопје,20.09.2024 година**

Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија согласно член 9 и член 51 став 1 од Законот за Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија (Службен весник на РМ бр.150/2007 и бр.100/2011) и член 72 став 2 в.в. со став 4 од Законот за јавното обвинителство (Службен весник на РМ бр.150/2007и бр.111/2008), постапувајќи по жалбите на јавните обвинители Златко Биковски, Гордана Ѓешкоска и Јован Цветановски, како и по жалбата на Јавниот обвинител на Република Северна Македонија како овластен предлагач, изјавени против решението на Комисијата за спроведување на постапка за утврдување на дисциплинска повреда и нестручно и несовесно вршење на функцијата јавен обвинител А.бр.03-521/32 од 12.06.2020 година, на ден 20.09.2024 година донесе:

# РЕШЕНИЕ

## I.

Жалбите на јавниот обвинител во Основното јавно обвинителство Берово Златко Биковски и јавниот обвинител во Вишото јавно обвинителство Скопје Јован Цветановски, изјавени против решението на Комисијата за спроведување на постапка за утврдување на дисциплинска повреда и нестручно и несовесно вршење на функцијата јавен обвинител А.бр.03-521/32 од 12.06.2020 година, **СЕ УВАЖУВААТ**.

По повод жалбите и по службена должност,за јавниот обвинител во Основното јавно обвинителство Берово Златко Биковски , јавниот обвинител во Вишото јавно обвинителство Скопје Јован Цветановски и поранешниот јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Скопје Гордана Ѓешкоска, решението на Комисијата за утврдување на дисциплинска одговорност на јавен обвинител во вршење на јавнообвинителската функција А.бр.03-521/32 од 12.06.2020 година **СЕ ПРЕИНАЧУВА и гласи**:

**СЕ ЗАПИРА** дисциплинската постапка против јавниот обвинител во Основното јавно обвинителство Берово Златко Биковски и јавниот обвинител во Вишото јавно обвинителство Скопје Јован Цветановски, поради постоење на околности кои го исклучуваат водењето на дисциплинска постапка– ненавременост на предлогот за поведување на дисциплинска постапка.

**СЕ ЗАПИРА** дисциплинската постапка против поранешниот јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Скопје Гордана Ѓешкоска, поради постоење на околности кои го исклучуваат водењето на дисциплинска постапка – престанок на функцијата јавен обвинител поради исполнување на условите за старосна пензија.

## II.

Жалбите на Јавниот обвинител на Република Северна Македонија и јавниот обвинител во Основното јавно обвинителство Скопје Гордана Ѓешкоска изјавени против цитираното Решение, **СЕ БЕСПРЕДМЕТИ**.

## Образложение

Јавниот обвинител на Република Северна Македонија до Комисијата за спроведување на постапка за утврдување на дисциплинска повреда и нестручно и несовесно вршење на функцијата јавен обвинител,поднел Предлог за поведување на постапка за утврдување одговорност на јавен обвинител за сторена дисциплинска повреда А.бр.03-521/1 на 11.05.2018 година,против јавните обвинители : Златко Биковски од Берово , јавен обвинител во Основно јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција Скопје , Гордана Ѓешкоска од Скопје, јавен обвинител во Основно јавно обвинителство Скопје и Јован Цветановски од Скопје, јавен обвинител во Вишото јавно обвинителство Скопје , за сторена дисциплинска повреда од чл.71 ст.2 алинеа 2 од Законот за јавно обвинителство, во кој се предлага на наведените обвинители да им биде изречена дисциплинска мерка –разрешување од функцијата јавен обвинител .

По поднесениот предлог, Комисијата за спроведување на постапка за утврдување на дисциплинска повреда и нестручно и несовесно вршење на функцијата јавен обвинител, со Решение А.бр.03-521/20 од 28.01.2019 година ги огласила за одговорни јавните обвинители за кои е поднесен предлогот, за Несовесно вршење на функцијата јавен обвинител од член 71 став 2 алинеа 2 од Законот за јавно обвинителство,па за сторената повреда им изрекла дисциплинска мерка – намалување на плата во висина од 30% од месечната плата во траење од 6 месеци.

Против цитиранотото Решение на Комисијата за спроведување на постапка за утврдување на дисциплинска повреда и нестручно и несовесно вршење на функцијата јавен обвинител,благовремени жалби поднеле јавните обвинители Златко Биковски, Гордана Ѓешкоска и Јован Цветановски и Јавниот обвинител на Република Северна Македонија .

Постапувајќи по жалбите, Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија , како второстепен орган донел Решение СОЖ.бр.1/19 од 26.06.2019 година, со кое одлучил да ги уважи жалбите на јавните обвинители Златко Биковски,Гордана Ѓешкоска и Јован Цветановски како основани, го укинал Решението на Комисијата за спроведување на постапка за утврдување на дисциплинска повреда и нестручно и несовесно вршење на функцијата јавен обвинител А.бр.03-521/20 од 28.01.2019 година и предметот го вратил на повторно постапување пред Комисијата.Со ова Решение во став три од диспозитивот е утврдено дека жалбата на јавниот обвинител на Република Северна Македонија е беспредметна .

Во образложението на Решението СОЖ.бр.1/19 од 26.06.2019 година, Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија дал напатствија до Комисијата за спроведување на постапка за утврдување на дисциплинска повреда и нестручно и несовесно вршење на функцијата јавен обвинител , со кои се укажува на Комисијата при повторената постапка ценејќи ги сите докази со еднакво внимание, да ги испита и утврди фактите кои ги товарат јавните обвинители,така и оние кои им одат во корист, посебно да се утврди дали предлогот за утврдување на дисциплинска постапка е навремен, што било преземено и пропуштено и не било преземено од Основното јавно обвинителство Скопје, а што било пропуштено од страна на Основно јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција Скопје,кои докази не биле обезбедени и биле уништени, дали постоеле безбедносни услови за вршење на увид од страна на јавниот обвинител, имајќи ги предвид одредбите од задолжителното упатство за вршење на увид, како и да ги отстрани наведените нејаснотии и противречности во изреката на решението и неговата содржина, да ги разгледа сите докази што се наоѓаат во дисциплинскиот предмет и по извршената анализа на секој доказ поединечно и заедно во една целина правилно да ја утврди фактичката состојба и да ги примени материјалното право.

Комисијата за спроведување на постапка за утврдување на дисциплинска повреда и нестручно и несовесно вршење на функцијата јавен обвинител, во повторената постапка со решение А.бр.03-521/32 од 12.06.2020 година, како и со укинатото Решение, повторно утврдила дека јавните обвинители Златко Биковски, јавен обвинител во Основно јавно обвинителство Берово, Гордана Ѓешкоска, јавен обвинител во Основно јавно обвинителство Скопје и Јован Цветановски од Скопје, јавен обвинител во Вишо јавно обвинителство Скопје, се одговорни за сторена дисциплинска повреда - Несовесно вршење на функцијата јавен обвинител од чл.71 став 2 алинеа 2 од Законот за јавно обвинителство и им изрекла дисциплинска мерка - намалување на платата во висина од 30% од месечната плата на јвниот обинител во траење од шест месеци .

Против Решението А.бр.03-521/32 од 12.06.2020 година на Комисијата за спроведување на постапка за утврдување на дисциплинска повреда и нестручно и несовесно вршење на функцијата јавен обвинител, до Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија,благовремени жалби поднесоа јавните обвинители Златко Биковски , Гордана Ѓешкоска и Јован Цветановски и Јавниот обвинител на Република Северна Македонија како подносителот на предлогот .

Јавните обвинители Златко Биковски,Гордана Ѓешкоска и Јован Цветановски во поднесените жалби го побиваат Решението А.бр.03-521/32 од 12.06.2020 година на Комисијата по сите основи .

Во жалбените наводи покрај изнесувањето на фактите со кои се докажува дека погрешно и нецелосно била утврдена фактичка состојба и дека погрешно е применето материјалното право, јавните обвинители особено потенцираат дека по однос на ненавременоста на поднесениот предлог за поведување на дисциплинска постапка, во повторената постапка Комисијата , воопшто не постапила по напатстијата на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија содржани во Решението СОЖ.бр.1/19 од

26.06.2019година. Особено укажуваат на фактот дека неправилно се применети одредбите од Законот за јавното обвинителство и член 4 од Правилникот за уредување на постапката за утврдување на одговорност на јавниот обвинител, чии одредби важат за оваа дисциплинска постапка во кој член е предвидено дека „предлог за поведување постапка за утврдување на одговорност на Јавниот обвинител од член 1 се поднесува во рок од 30 дена од денот на дознавањето , но не подолго од 2 години од денот кога повредата е сторена ". Наведуваат дека не е спорно дека Предлогот за поведување на постапка за утврдување одговорност на јавен обвинител за сторена дисциплинска повреда А.бр.03-521/1 бил поднесен на 11.05.2018 година , но укажуваат дека истиот е поднесен по протекот на субјективниот рок од 30 дена од денот на дознавањето на наводно сторената повреда и укажуваат дека Комисијата за спроведување на постапка за утврдување на дисциплинска повреда и нестручно и несовесно вршење на функцијата јавен обвинител, погрешно зела за утврдено дека единствен официјален податок кој го имал на располагање јавниот обвинител на Република Северна Македонија претставувало известувањето од Основното јавно обвинителство Скопје Дов.бр.2/18 од 20.04.2018 година и од Основно јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција Скопје Дов. бр. 21/18 од 23.04.2018 година, па според тоа погрешно Комисијата зела за утврдено дека Предлогот е навремен.Во поднесените жалби посочуваат дека иако во предметот биле изведени како доказ службените белешки изготвени од дежурниот јавен обвинител Елена Ивановска Миноска А. бр.304/17 од 08.11.2017 година и од 13.11.2017 година,кои истата ги имала доставено до Вишото јавно обвинителство Скопје, а кои потоа видно од дописот на Вишото јавно обвинителство Скопје А.бр.0302/301 од 17.11.2017 година, биле доставени до Јавното обвинителство на Република Македонија , како и службената белешка со ист број од 19.02.2018 година , која дежурниот јавен обвинител ја доставила до Републичкиот јавен обвинител. Исто така не била ценета службената белешка А.бр.74/18 од 01.03.2018 година на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција Скопје , која по службен пат била доставена до Републичкото јавно обвинителство, како и службените белешки од 20.02.2018 година од јавниот обвинител Гордана Гешковска и од 07.03.2018 година од јавниот обвинител Јован Цветановски.

Јавните обвинители Златко Биковски,Гордана Ѓешкоска и Јован Цветановски во поднесената жалба му предлагаат на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија,по увидот во списите на предметот, постапувајќи по жалбите , истите да ги усвои , така што ќе го укине Решението А.бр.03-521/32 од 12.06.2020 година на Комисијата,поради наведените повреди, како и да се утврди дека Предлогот за поведување на постапката е ненавремен и е поднесен спротивно на член 4 од Правилникот, по кој основ исто така постапката да се запре .

Јавниот обвинител на Република Северна Македонија со поднесената жалба го побива Решението А.бр.03-521/32 од 12.06.2020година на Комисијата за спроведување на постапка за утврдување на дисциплинска повреда и нестручно и несовесно вршење на функцијата јавен обвинител, поради изречената дисциплинска мерка , поради незаконитост на решенито и повреда на Законот за јавното обвинителство .

Во поднесената жалба јавниот обвинител на Република Северна Македонија наведува дека Комисијата правилно утврдила дека била сторена дисциплинска повреда - Нестручно и несовесно вршење на функцијата јавен обвинител од чл.71 ст.2 алинеа 2 од Законот за јавно обвинителство, но укажува дека при одмерувањето на видот и висината на дисциплинската мерка - намалување на платата во висина од 30% од месечната плата на јавниот обинител во траење од шест месеци, биле неправилно и недоволно ценети отежнителните околности кои стојат на страната на јавните обвинители против кои била поведена постапката.Во жалбата се наведува дека Решението е незаконито од причини што со истото е сторена и повреда на член 68 став 1 в.в. со чл. 71 став 2 алинеа 2 од Законот за јавно обвинителство. Во жалбата јавниот обвинител на Република Северна Македонија наведува дека единствената дисциплинска мерка која можела да се изрече во конкретниот случај према јавните обвинители е разрешување од функцијата и дека не постоел законски основ за дисциплинска повреда од член 71 став 2 алинеа 2 од Законот за јавно обвинителство да се изрече дисциплинска мерка - намалување на платата, како што тоа го сторила Комисијата со побиваното Решение .

Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија како второстепен орган,постапувајќи согласно член 9 и член 51 став 1 од Законот за Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија (Службен весник на РМ бр.150/2007 и бр.100/2011), одлучувајќи по поднесените жалби , по разгледувањето на списите во предметот од водената дисциплинска постапка и изведени писмените докази во текот на оваа постапка , како и наводите во поднесените жалби , со правилна примена на одредбите од член член 68 став 2 од Законот за јавното обвинителство (Службен весник на РМ бр.150/2007 и бр.111/2008) и Правилникот за уредување на постапката за утврдување на одговорност на јавниот обвинител ( Сл.весник бр.72/2010 од 27.05.2010 година)кој бил во примена кога е отпочната дисциплинската постапка, а кој согласно член 22 став 2 од Правилникот за начинот на спроведување на постапката за утврдување на одговорноста на јавен обвинител за сторена дисциплинска повреда од 18.05.2021 година се применува за постапките отпочнати пред донесување на истиот, ја утврди следната фактичка состојба :

Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија не впуштајќи се во основаноста на наводите за постоење или не,на дисциплинската повреда која претставувала основ за поведување на дисциплинската постапка содржана во Предлогот за поведување на постапката за утврдување одговорност на јавен обвинител за сторена дисциплинска повреда А.бр.03-521/1 против јавните обвинители : Златко Биковски од Берово , јавен обвинител во Основно јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција Скопје , Гордана Ѓешкоска од Скопје, јавен обвинител во Основно јавно обвинителство Скопје и Јован Цветановски од Скопје , јавен обвинител во Вишо јавно обвинителство Скопје , за сторена дисциплинска повреда од чл.71 ст.2 алинеа 2 од Законот за јавно обвинителство , па имајќи ги предвид наводите во изјавените жалби од јавните обвинители, а по службена должност, најпрво пристапи кон утврдување на околностите од кои може да се утврди дали Предлогот за поведување на постапка за утврдување одговорност на јавен обвинител за

сторена дисциплинска повреда А.бр.03-521/1 против јавните обвинители е поднесен во рокот на кој упатува член 68 став 2 од Законот за јавното обвинителство (Службен весник на РМ бр.150/2007 и бр.111/2008) и член 4 од Правилникот за уредување на постапката за утврдување на одговорност на јавниот обвинител ( Сл.весник бр.72/2010 од 27.05.2010 година ), поточно дали е запазен субјективниот рок од 30 дена од денот на дознавањето на сторената повреда за која е поднесен Предлогот за поведување дисциплинска постапка, поточно дали истиот е навремено поднесен .

Впрочем на оваа околност Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија , како второстепен орган кој постапува по жалба е должен да внимава по службена должност.

При неспорен факт дека Предлогот за поведување на постапка за утврдување одговорност на јавен обвинител за сторена дисциплинска повреда А.бр.03-521/1 е поднесен на 11.05.2018 година, предмет на анализа беа писмените докази на кои се укажува во жалбените наводи , а кои биле изведени како докази во текот на постапката , а се цитирани на страна 4 од побиваното Решение и тоа : службена белешка А.бр.304/17 од 09.05.2017, службена белешка А.бр.304/17 од 13.11.2017 година,службена белешка А.бр.304/17 од 07.11.2017 година,службена белешка А.бр.304/17 од 08.11.2017 година,службена белешка А.бр.304/17 од 02.02.2018 година, службена белешка А.бр.304/17 од 19.02.2018 година, службена белешка А.бр.74/18 од 01.03 2018 година на ОЈО за ГОКК, како и дописи под Ро.бр.949/17 од 28.04.2017 година и Ро.бр.949/17 од 29.04.2017година,писмено изјаснување од ЈО Јован Цветановски со прилог известување Ро.бр.949/17 од 29.05.2017 година, писмено изјаснување од ЈО Златко Биковски со прилог службена белешка А.бр.74/18 од 01.03.2018 година и писменото изјаснување на ЈО Гордана Ѓешкоска со службена белешка од 20.02.2018 година.

Од погоре цитираните писмени докази неспорно се утврди дека во врска со случувањата на 27.04.2017 година во Собранието на Република Македонија, по кои истиот ден од страна на јавното обвинителство не е извршен увид истиот ден, што е основната причина и повод за поднесувањето на Предлогот за поведување на постапка за утврдување одговорност на јавен обвинител за сторена дисциплинска повреда А.бр.03-521/1на 28.04.2017 година во Основното јавно обвинителство Скопје бил оформен предмет Ро.бр.949/2017 година , по кој биле превземени повеќе истражни дејствија и се започнало со работа по предметот сврзан со настанот од 27.04.2017 година.

Оваа околност како неспорна е утврдена во Решението А.бр.03-521/32 од 12.06.2020 година на Комисијата за спроведување на постапка за утврдување на дисциплинска повреда и нестручно и несовесно вршење на функцијата јавен обвинител на страна 6 од истото .

Од увидот во содржината на сите погоре цитирани писмени докази неспорно се утврди дека јавното обвинителство на Република Северна Македонија за фактот дека никој јавен обвинител не излегол на лице место во просториите на Собранието на Република Северна Македонија на 27.04.2017 година-денот кога се случил настанот,што всушност претставува дисциплинската повреда и предмет на водењето на дисциплинската постапка , дознал уште истиот ден , поточно на 28.04.2017 година кога во

Основното јавно обвинителство Скопје бил оформен предмет Ро.бр.949/2017. Имено од Известувањето Ро.бр.949/17 од 29.05.2017 година ,кое на Барање на јавниот обвинител на Република Македонија е доставено од јавниот обвинител Јован Цветановски, јасно и недвосмислено може да се утврди дека јавниот обвинител на Република Северна Македонија дознал за повредата , па од тогаш всушност почнува да се смета и пресметувањето на рокот од 30 дена од денот на дознавањето за поведување на постапка за дисциплинска одговорност. Во контекст на ова тврдење се и сите службените белешки цитирани погоре. Впрочем Јавниот обвинител на Република Северна Македонија во врска со постапувањето на јавните обвинители за овој настан и на 01.03.2018година побарал изјава од јавниот обвинител Златко Биковски , кој пак покрај усната изјава истиот ден , доставил лично до Јавниот обвинител и службена белешка А.бр.74/1,што може да се смета и како официјално дознавање за фактот дали имало некаква повреда во постапувањето на јавните обвинители.Ако се има предвид фактот дека Предлог за поведување на постапка за утврдување одговорност на јавен обвинител за сторена дисциплинска повреда А.бр.03-521/1 е доставен на 11.05.2018 година , може да се утврди дека истиот е ненавремено поднесен сметајќи и од овој датум 01.03.2018 година, поточно и од овој датум не е запазен субјективниот рок од 30 дена.

Од погоре изнесеното неспорно се утврди дека Комисијата за спроведување на постапка за утврдување на дисциплинска повреда и нестручно и несовесно вршење на функцијата јавен обвинител, во Решението А.бр.03-521/32 од 12.06.2020година неосновано зела за утврдено дека единствен официјален податок кој го имал на располагање јавниот обвинител на Република Северна Македонија претставува известувањето од Основното јавно обвинителство Скопје Дов.бр.2/18 од 20.04.2018 година и од Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција Скопје Дов.бр.21/18 од 23.04.2018 година, па според тоа погрешно Комисијата зела за утврдено дека Предлогот е навремен.

Врз основа на правилно утврдена фактичка состојба по однос на утврдувањето на времето кое се смета за дознавање на повредата за која се водела дисциплинската постапка против јавните обвинители, со правилна примена на одредбите од Законот за јавното обвинителство (Службен весник на РМ бр.150/2007 и бр.111/2008) и член 4 од Правилникот за уредување на постапката за утврдување на одговорност на јавниот обвинител ( Сл.весник бр.72/2010 од 27.05.2010 година,Советот утврди дека Предлогот за поведување на постапка за утврдување одговорност на јавен обвинител за сторена дисциплинска повреда А.бр.03-521/1 кој е поднесен на 11.05.2018 година од страна на јавниот обвинител на Република Северна Македонија , е ненавремено поднесен , поточно е поднесен по протекот на субјективниот рок од 30 дена од денот на дознавањето за сторената повреда, што е спротивно на одредбите од член 68 став 2 од Законот за јавното обвинителство и член 4 од Правилникот за уредување на постапката за утврдување на одговорност на јавниот обвинител .

Советот го имаше предвид фактот дека во текот на водењето на дисциплинската постапка по жалбата,настапија услови за престанок на функцијата јавен обвинител поради исполнување на условите за старосна

пензија за јавниот обвинител во Основното јавно обвинителство Скопје Гордана Ѓешкоска, што претставува пречка за понатамошно водење на дисциплинската постапка,па поднесената жалба од овој јавен обвинител Советот ја смета како беспредметна .

Со оглед на фактот дека неспорно се утврди дека Предлогот за поведување на постапка за утврдување одговорност на јавен обвинител за сторена дисциплинска повреда А.бр.03-521/1 кој е поднесен на 11.05.2018 година, е ненавремено поднесен ,поради што се одлучи решението на Комисијата за утврдување на дисциплинска одговорност на јавен обвинител во вршење на јавнообвинителската функција А.бр.03-521/32 од 12.06.2020 година да се преиначи и да се запре дисциплинската постапка против јавниот обвинител во Основното јавно обвинителство Берово Златко Биковски и јавниот обвинител во Вишото јавно обвинителство Скопје Јован Цветановски, поради постоење на околности кои го исклучуваат водењето на дисциплинска постапка–ненавременост на предлогот за поведување на дисциплинска постапка, жалбата на Јавниот обвинител на Република Северна Македонија изјавена против цитираното Решение, Советот ја смета како беспредметна .

Имајќи го предвид сето погоре изнесено се одлучи како во диспозитивот на Решението .

**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Претседател,**
**Душица Димитриеска**